жувачката работа, издавачката мисла и новите сознанија на нашата историска наука, за разни форми на соработката со општествено-политичките организации од градот, стручните, научните институции, РТВ — Скопје и печатот.

Собранието ги усвои извештаите, ја разреши старата управа и избра нов Извршен одбор. На крајот, беа избрани и определен број делегати за годишното собрание на Сојузот на историските друштва на Македонија.

Д. С.

## СИМПОЗИУМ ПОСВЕТЕН НА 30-ГОДИШНИНАТА ОД ОДРЖУВАЊЕТО НА ПРВОТО ЗАСЕДАНИЕ НА АСНОМ

Десет години по одржувањето на првиот симпозиум посветен на 20-годишнината од одржувањето на Првото заседание на АСНОМ, на 23—25 октомври 1974 година се одржа нов симпозиум со тема: **„АСНОМ — остварување на идеите за создавање на македонската држава и неговиот меѓународен одглас и одраз“.**

Симпозиумот се одржа во организација на Македонската академија на науките и уметностите, со тоа што Организациониот одбор го сочинуваа претставници на МАНУ, на Катедрата по историја на Филозофско-историскиот факултет и на Архивот на Македонија.

Според изборот на темата, организаторот на симпозиумот му даде меѓународен карактер. Оттука за учество на симпозиумот беа поканети истакнати научни работници — историчари, правници, социолози, економисти, етнолози, историчари на литературата и други, како од Југославија, така и од други земји, меѓу кои од СССР, Полска, ЧССР, Германската Демократска Република, САД и други.

Прифаќајќи ја темата како мошне интересна и која заслужува внимание, многумина се пријавија за учество, така што беа пријавени вкупно 59 реферати. Иако, неколкумина од нив не зедоа директно учество на симпозиумот беа презентирани релативно голем број реферати.

Поради големиот број реферати, а уште повеќе што во рефератите, основната тема на симпозиумот беше третирана од повеќе аспекти, текот на научниот собир се одвиваше во три секции. Во првата од нив (Секција А), беа презентирани најголем број од рефератите, какви што се: „Конститутивни елементи за време на НОБ“ (проф. д-р Александар Христов); „Питање генезе македонског народа“ (проф. д-р Бого Графенауер); „Некои теоретски и методолошки проблеми во врска со формирањето на процесите за создавање на нациите во Централна и Источна Европа во XIX и XX век“ (кон прашањето за потеклото на македонскиот народ и македонската државност) (д-р Јозеф Хлебовшек); „АСНОМ — синтеза на државно-правниот и националниот фактор во историскиот развој на македонскиот народ“ (проф. д-р Никола Сотировски); „Рађање АСНОМ-а и развој социјалистичке Македоније у марксистичкој ре-

волуционарној традицији и перспективе народа Југославије и Балкана“ (академ. д-р Душан Недељковиќ); „АСНОМ и некои теоретски проблеми на македонската државност“ (проф. д-р Стеван Габер); „Местото на АСНОМ во државното конституирање на македонскиот народ“ (проф. д-р Данчо Зографски); „Политичките и воените претпоставки за победоносната револуција“ (акад. Кирил Миљовски); Исто така, во оваа секција од интерес беа прилозите на проф. д-р Мартин Целер, Ренос Михалесос, Гојко Миљаниќ, д-р Иван Кристан, д-р Слободан Нешовиќ, проф. Славка Фиданова, д-р Марин Пундеф, д-р Владимир Митков, Јаким Синадиновски, д-р Владо Ивановски и други.

Во Секцијата В, беа презентирани следниве научни прилози: „Државно-правните погледи и концепции на македонските социјалисти спрема државноста на Македонија (1893—1919)“ (д-р Орде Ивановски); „Прашањето на државноста на Македонија во програмата на македонското Научно-литературно друштво во Петроград“ (д-р Блаже Ристовски); „КПЈ у напорима за националну еманципацију Македонаца (до 1941)“ (д-р Душан Лукач); „Омладина се припрема за НОБ и револуцију — у ватри прогањања и акција“ (проф. д-р Арпад Лебл); „Туѓата пропаганда и формирањето на македонската национална свест и државност“ (д-р Климе Џамбазовски); За некои дејности во врска со образувањето на Антифашистич кото собрание на Македонија во 1943 година“ (д-р Велимир Брезоски); „Обидите на окупаторите и контрареволуционерните сили да го спречат создавањето на македонската државност“ (Боро Митровски); „Првите органи на народната власт и формирањето на Привремената демократска влада во Грција во времето на Граѓанската војна во Грција“ (Паскал Митровски). За одбележување се и научните постигања презентирани на симпозиумот, меѓу кои и на: д-р Владо Картов, д-р Душан Галиќ, д-р Ванчо Бурзевски, д-р Хранислав Ракиќ, Ѓорѓи Димовски, Милан Обрадовиќ, д-р Миле Тодоровски, д-р Љубица Кондиќ, Галена Куцуловска, Нове Велјановски, д-р Милан Миладиновиќ и други.

Во секцијата С, беа презентирани реферати главно од областа на литературата, театарот, ликовната уметност и другите аспекти на културата и националните белези на македонскиот народ. Такви беа следниве: „Јазикот во Манифестот од Првото заседание на АСНОМ“ (Александар Џукески); „Слободата во македонската револуционерна поезија“ (Лазар Манчевски); „Идеите на АСНОМ и современата македонска литература“ (Гоце Стефановски); „Првото заседание на АСНОМ како воспитно-образовна содржина во наставата по историја“ (д-р Воислав Кушевски); „Визии за идното уредување на нашата заедница во албанската народна поезија од НОБ и за НОБ“ (Воислав Јаќоски); „АСНОМ во македонскиот печат од периодот на НОБ“ (Боро Мокров); „Издавачка делатност органа НОР-а у Македонији од 1943—1944 године (Милица Бодрожиќ) и други.

Интересните реферати предизвикаа дискусија, која особено во Секцијата А и В беше мошне богата. Во дискусијата на д-р Бого Гра-

фенауер, академикот Михаило Апостолски, д-р Галаба Паликрушева, д-р Атанасие Урошевиќ, д-р Душан Лукаќ, Јаким Синадиновски, д-р Душан Недељковиќ и други беа покренати голем број прашања околу генезата и формирањето на македонскиот етнос, потоа повеќе такви од државно-правен карактер, за односот на странските сили кон НОБ, АСНОМ и македонската државност како и уште многу други. Со тоа се даде придонес кон разсветлување на проблемите разгледувани во рефератите, чии наслови делумно се апострофирани во приказов. Во дискусијата, па и во рефератите беа допирнати проблеми кои од разбирливи причини останаа само иницирани, па останува натамошните научни истражувања да дадат целосен одговор.

Според квалитетот и бројот на рефератите, според застапеноста на автори од Југославија (скоро од сите социјалистички републики и покраини), како и од Полска, САД, Германската Демократска Република и други, овој научен собир може да се оцени како успешен и кој ги исполни очекувањата на организаторот. Презентираните научни достигнувања и согледувања несомнено ја збогатуваат историографијата за АСНОМ и другите проблеми сврзани со тој државно-правен чин. Тие го афирмираат историското значење на Првото заседание на АСНОМ и остварувањето на придобивките на македонскиот народ и народностите од денешната територија на СР Македонија во борбата против фашизмот за национално и социјално ослободување.

М. Т.

## Отворена Спомен-соба на Крсте П. Мисирков во Институтот за македонски јазик во Скопје на 18 ноември 1974 година

По повод прославата на стогодишнината од раѓањето на Крсте П. Мисирков, на 18 ноември 1974 година во Институтот за македонски јазик „Крсте П. Мисирков“ во Скопје беше на свечен начин отворена спомен-соба на оваа истакната личност на македонската историја, јазик и култура. Организаторите на оваа спомен-соба беа Одборот за одбележување на јубилејот, Републичката комисија за култура и Историскиот музеј на Македонија од Скопје.

Музеите како активни општествени фактори имаат големо значење за науката, воспитувањето, образованието и културата на нашите народи и народности, па затоа се институции од посебно општествено значење.

Во светот и кај нас функционираат разнородни музеи, условени од нивните дејности, односно гранки на науката. Според специфичностите на задачите: содржината и интерпретацијата на експозиции, научно-историските публикации и друго, имаат заеднички задачи како „носители на определени функции на општеството“, и тоа просветно-воспитна и дидактичка, научно-истражувачка, туристичка и патриотска и др.

Музеолошката наука не дава вистинска дефиниција за некој музеј, односно не одредува некој